Македонско еколошко друштво
Бр. 01-288/24
23.09 2024 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

Македонско еколошко друштво
Бул. Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 2402 773
моб: 078 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"
Бр. 03-442/1
24.09. 2024 год.
СКОПЈЕ

*Имајќи ја предвид неопходноста од соработка помеѓу државните институции, субјектите кои се задолжени за управување со заштитените подрачја и стручните невладини организации за успешно спроведување на мерките за заштита на природата,*

*Согледувајќи ги можностите за заедничко настапување при подготовката и спроведувањето на мерки, активности и проекти за заштита на природата пред националните и меѓународните институции,*

*Ценејќи ја досегашната соработка со надеж за нејзино продлабочување,затоа:*

**Јавното претрпнјатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“,** со седиште на ул. 11 Октомври, бр. 23а, 1000 Скопје(во понатамошниот текст: Јасен),

и

**Македонското еколошко друштво – Скопје**,со седиште на ул. Архимедова бр. 5, 1000 Скопје (во понатамошниот текст: МЕД),

се согласија да склучат

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## 1. Основна цел

(1) Основна цел на овој Меморандум е продлабочување на соработката помеѓу и Јасен и МЕД во рамките на активностите кои се однесуваат на заштита на природата и создавање партнерство за заеднички настап при предлагање и реализација на активностите за проучување и заштита на диви животни од Програмата за закрепнување на балканскиот рис 2.0 (БЛРП).

## 2. Начини на соработка

(1) Соработката помеѓу Јасен и МЕД ќе се остварува само во согласност на двете организации.

(2) Со овој Меморандум не се регулира соработката на финансиски план. Соработка на финансиски план ќе се регулира со посебни договори помеѓу Јасен и МЕД.

(3) МЕД ги става на располагање своите стручни и научни капацитети на Јасен за давање мислења по прашања кои се однесуваат на природата, нејзиното загрозување и заштитата.

(4) Јасен ќе им овозможи на членовите на МЕД вршење на различни научни истражувања на територијата на повеќенаменското подрачје, по претходно писмено барање, а во согласност со потребите и програмите на двете организации. Активностите во рамки на истражувањата опфаќаат мониторинг и истражување на флората и фауната со посебен акцент на критично загрозениот балканскиот рис (*Lynx*

Македонско еколошко друштво
Бул. Борис Трајковски, улица 7, број 9А
1000 Скопје, Македонија
тел: 02 2402 773
моб: 078 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

*lynxbalcanicus*). Во зависност од можностите, Јасен ќе ги стави на располагање своите стручни и други кадри, како и теренските возила и друга опрема за време на истражувачките активности.

(5) МЕД ќе го извести Јасен писмено за планираните активности кои се тесно поврзани со активностите што го засегаат Јасен, но и заеднички ќе настапи кон развојот на ловниот туризам и одржливото ловство. МЕД ќе се залага за одржување едукативни обуки (работилници, предавања, терениски истражувања и др.) за светските мониторинг-методи за следење на балканскиот рис и неговиот плен.

(6) Јасен и МЕД се согласуваат дека при издавање на различни печатени материјали кои произлегуваат од заеднички активности ќе се ставаат амблемите на двете организации, по претходно дадена писмена согласност од Јасен и МЕД.

**3. Важност на Меморандумот**

(1) Овој Меморандум е потпишан помеѓу Јасен и МЕД на 24.09.2024 и влегува во сила наредниот ден од денот на потпишувањето, а ќе се применува за време од три години по што може да се обнови по заедничка волја и желба на потписниците со анекс кон овој меморандум.

**4. Завршна одредба**

(1) Јасен и МЕДсе согласни дека за реализацијата на овој меморандум односно за дејствијата и соработките кои произлегуваат овој меморандум, доколку е потребно ќе склучуваат посебни договори со кои ќе се уредуваат меѓусебните права и обврски.

(2) Меморандумот за соработка е составен во два еднакви примероци, од кои еден за Јасен и еден за МЕД.

**в. д Директор**
ЈП за управување за заштита
на повеќенаменското подрачје „Јасен"
Ангело Сотироски

**Претседател**
Македонско еколошко друштво – Скопје
проф. д-р Славчо Христовски